**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за царинската управа (“Службен весник на Република Македонија“ број 46/2004 година), а во врска со член 447 и 449 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон (“Службен весник на Република Македонија“ број 66/2005, 73/2006 и 40/2007 година), Директорот на Царинската управа донесе

# Измена на Упатство
# Д-1 Царински долг

1. Упатството Д-1 за царински долг бр. 07-13077/1 од 27.12.2005, бр. 07/-960/1 од 27.01.2007 и 10-2053/2 од 22.02.2007 се менува во точката Д-1-1-4-1 Банкарска гаранција во делот **Употреба на гаранција, ставот 6** се менува и гласи:

## Употреба на гаранција

Следниве шифри со ознака **G** се поврзани со употребата на гаранциите:

| | |
|---|---|
| **G01** | Општа гаранција согласно член 204 став 1 од Царинскиот закон. Податок кој се запишува е даночниот број на имателот на гаранција/евидентниот број |
| **G99** | Општа гаранција согласно член 204 став 3 од Царинскиот закон. Податок кој се запишува е даночниот број на имателот на гаранција/евидентниот број |
| **G20** | Износ од долгот кој се раздолжува |
| **G30** | Износ од долгот кој се задолжува |

Во царинските постапки во кои се употребува гаранција пополнувањето на рубриките во ЕЦД се врши согласно Прилозите со реден број 1-9.

***Задолжување на банкарска гаранција***
При прифаќање на ЕЦД за **увоз за облагородување** пополнувањето на горенаведените шифри се врши согласно **Прилог 1** од ова Упатство. Рубрика 47 **-** Пресметка на давачки последната колона начин на плаќање се пополнува со шифра R . Рубрика 48 од ЕЦД се пополнува со евидентниот број на гаранцијата на имателот на одобрение.

При прифаќање на ЕЦД за ставање на стока во постапка на **царинско складирање и внесување на стока во слободна зона** пополнувањето на горенаведените шифри се врши согласно **Прилог 2** од ова Упатство.

При прифаќање на ЕЦД за **Привремен увоз со целосно ослободување** пополнувањето на горенаведените шифри се врши согласно **Прилог 3** од ова Упатство.

При прифаќање на ЕЦД за **Привремен увоз со делумно ослободување** пополнувањето на горенаведените шифри се врши согласно **Прилог 4** и **4а** од ова Упатство.
Во случаите кога ДДВ се плаќа со ПП50 пополнувањето на рубриките се врши согласно **Прилог 4**.
Во случаите кога ДДВ се плаќа со гаранција пополнувањето на рубриките од ЕЦД се врши согласно **Прилог 4а**.

При прифаќање на **збирна декларација** пополнувањето на горенаведените шифри се врши согласно **Прилог 5** од ова Упатство. Се пополнува рубриката за информација со G30 по што следи едно празно место и се запишува износот без децимални места или интерпункциски знаци / евидентен број на гаранција (пр. **G30 60767/9001012345**)

***Раздолжување на банкарска гаранција***
При прифаќање на **увозно ЕЦД** со кое се врши **раздолжување** на претходно задолжена гаранција пополнувањето на горенаведените шифри се врши согласно **Прилог 6** и **6а** од ова Упатство. ( пр. прифаќање на IM A 4 со која се врши раздолжување на задолжена гаранција за царинско складирање и др.).
Во случаите кога царинскиот долг се плаќа со ПП50 пополнувањето на рубриките се врши согласно **Прилог 6**.
Во случаите кога царинскиот долг се обезбедува со гаранција пополнувањето на рубриките од ЕЦД се врши согласно **Прилог 6а**.

При прифаќање на **извозно ЕЦД** со кое се врши **раздолжување** на преходно задолжена гаранција пополнувањето на горенаведените шифри се врши согласно **Прилог 7** од ова Упатство. (пр. прифаќање на EX A 3 со која се врши раздолжување на задолжена гаранција за увоз за облагородување и др.).

При прифаќање на ЕЦД за **транзит** ( пр. прифаќање на ЕЦД за транзит со кое се врши раздолжување на задолжена гаранција од збирна декларација**)** пополнувањето на горенаведените шифри се врши согласно **Прилог 8** од ова Упатство. Предвидена рубрика за пополнување на гаранција е рубрика 44. Се пополнува со G20 по што следи едно празно место и се запишува износот без децимални места или интерпункциски знаци / евидентен број на гаранција (пр. **G20 60767/9001012345**).

***Дополнителна верификација***
При дополнителна верификација на ЕЦД (пр. дополнителна проверка на доказ за потекло, фактура и др.) евентуалниот долг што се обезбедува или раздолжува се пополнува руб. 44 Приложени документи согласно **Прилог 9**.

2. Оваа измена стапува во сила на **18.06.2007** година.

**ДИРЕКТОР**
**Ванчо Каргов**
______________

**- Прилози 1-9**

Бр. 1007-_________
Скопје, 01.06.2007 г.
Изготвил: Билјана Гаџовска____________
Согласен: Горан Андреев _____________
Сашо Русовски______________

**Доставено до:**
- Сите Царинарници и сектори